Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр.11-472/
15.06. 2011 година
Скопје

Врз основа на член 30 став (2) од Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр.161/09) министерот за правда донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Здружението МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ-Скопје, со седиште на ул. "Благој Давков" бр. 2/1-1 Скопје, се овластува да дава претходна правна помош.

### Образложение

Здружението МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ-Скопје застапувано од овластеното лице Јасмина Брезовска од Скопје, до Министерството за правда согласно член 30 став 1 од законот, поднесе писмено барање бр.11-472 од 03.06.2011 година за добивање на овластување за давање на претходна правна помош

Кон барањето приложени се потребните документи согласно на членот 17 од законот :

-известување од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0806-11/16686/1 од 01.06.2011 година

- потврда од здружението бр.0302-688 од 02.06.2011 година за вработување на лице кое ќе дава претходната правна помош

-актот за основање и статутот на здружението

-полиса за осигурување бр.130000001238 од АД Осигурителна полиса Скопје

Врз основа на изнесеното, се утврди дека Здружението МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ-Скопје ги исполнува условите за добивање на овластување за давање на претходна правна помош, согласно што се донесе решение како во диспозитивот.

Со денот на влегување во сила на ова решение, здружението се запишува во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

Доставено до:
-странката
-евиденција